# П Р О Г Р А М А

за работа на Македонско научно здружение за аутизам во 2002 година

Во текот на 2002 година Македонското научно здружение за аутизам планира да изведе повеќе активности:

- Приврштување со анализите на крвта од децата со аутизам и нивните родители;
- Приготвување на брошура **Правата на лицата со аутизам во Македонија**;
- Започнување на реализација на проектот **Специјална диета кај лицата со аутизам во Македонија**;
- Приготвување на брошура **Аутизам и диета**;
- Откривање на нови случаи со аутизам;
- Почетни активности за формирање на национален регистер за аутизмот во РМ;
- Покана на еминентни стручњаци аутизмолози од САД и Западноевропските земји;
- Учество на МНЗА во проектите на ЕАСПД (European Association of Service Providers for People with Disabilities), каде што е придружен член;
- Зацврстување на соработката со центри и здруженија за аутизам од бившите југословенски републики и поврзување во мрежа на институции;
- Запознавање на пошироката јавност за поимот аутизам преку електронските и печатените медиуми.

Претседател на МНЗА,

Проф. д-р Љупчо Ајдински

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА МНЗА ЗА 2002 ГОДИНА

1. Во врска со проектот "**Одредување на преваленцијата и инциденцијата на лицата со аутизам во Република Македонија- пријавен**", пријавен од страна на МНЗА во Министерството за финансии на Република Македонија на ден 4.02.2002 година предвидена е следната финансиска конструкција на проектот:

1. печатење на материјали (анкетни листови, упатства) 70.000 МКД
2. патни трошоци за екипите 120.000 МКД
3. дневни трошоци за екипите 130.000 МКД
4. ПТТ и Интернет услуги 60.000 МКД
5. Компјутерска обработка на резултатите 30.000 МКД

МНЗА го чека одговорот за прифаќање на проектот од страна на Министерството за финансии.

2. Во врска со проектот "**Специјална диета за децата со аутизам**", пријавен од страна на МНЗА во Институтот за трајни заедници на ден 04.02.2002 година предвидени се следните финансиски трошоци:

| **Преглед на буџетот по категории** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Категорија** | **Побарана сума од ИТЗ** | **Учество на НВО** | **Други донатори** | **Вкупно** |
| 1 | **Хонорари** | 100.000 | 5.000 | | 105.000 |
| 2 | **Консултанти** | 15.000 | 1.000 | | 16.000 |
| 3 | **Придонеси** | | | | |
| 4 | **Канцелариски материјал** | 30.000 | 1.500 | | 31.500 |
| 5 | **Опрема** | | | | |
| 6 | **Патни трошоци и сместување** | 100.000 | 5.000 | | 105.000 |
| 7 | **Други директни трошоци** | 80.000 | 4.000 | | 84.000 |
| 8 | **Индиректни трошоци** | | | 10.000 | 10.000 |
| | **Вкупно** | 325.000 | 16.500 | 10.000 | **351.500** |

МНЗА го чека одговорот за прифаќање на проектот од страна на Институтот за трајни заедници.

3. Во врска со проектот "**Tolerance and acceptance**", од март 2002 година кој ќе се реализира со уште 9 други европски земји членки на ЕАСПД предивдени се 360.000 МКД за секоја членка учесник во проектот.

Претседател на МНЗА,

Проф. д-р Љупчо Ајдински